РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (ИЗИИС) - Скопје

ул. Тодор Александров бр. 165, П.Фах 101,
1000 Скопје, Република Северна Македонија

www. iziis.ukim.edu.mk

Дата: 28.10.2025
Број: 01-2145/1

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (УКИМ-ИЗИИС) распишува

# К О Н К У Р С

## за стипендирање на студенти на втор циклус на студии во учебната 2025/2026 година

УКИМ-ИЗИИС ќе додели 7 (седум) стипендии во форма на ослободување од школарина за учебната 2025/2026 година.

Право на пријавување имаат сите запишани и заинтересирани студенти на втор циклус на студии на студиската програма „Земјотресно инженерство“ на УКИМ-ИЗИИС кои ги исполнуваат следниве услови:

1) Да се државјани на Република Северна Македонија;

2) Да имаат просек од додипломски студии поголем од 8,5.

3) Добитниците на релевантни награди, признанија и одликувања за успешност во студирањето ќе имаат предност при рангирањето.

За студенти со просек над 9,0, покрај ослободувањето од школарина, се овозможува и можност за платена практична работа во висина од 40.000,00 денари месечно, со ангажман од 40 часа неделно во рамки на научната и апликативната работа на УКИМ-ИЗИИС, со статус на студент-практикант.

За странски студенти со просек од студирање поголем од 8,5 (или еквивалентен според системот на оценување во нивната земја), УКИМ-ИЗИИС обезбедува намалување на школарината во висина од 20% за учебната 2025/2026 година.

За студенти од социјално загрозени и ранливи категории може да се одобрат дополнителни финансиски олеснувања со цел да се олесни финансирањето на студирањето.

За продолжување на стипендијата и во наредната студиска година, студентите треба да ги имаат завршено сите студиски обврски и положено сите испити предвидени со студиската програма, при што просечниот успех на положените испити треба да биде поголем од 8,5.

Конкурсот е отворен до 15.11.2025 година.

Пријавата за стипендија, заедно со потребната документација, се поднесува на следната адреса:

*Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија – Скопје*
*ул. „Тодор Александров“ бр. 165, 1000 Скопје*

*Со назнака:*
*„Пријава за стипендија за втор циклус студии – учебна 2025/2026 година“*

Потребни документи:3

1) Копија од уверение за државјанство;

2) Диплома и уверение со просек на студии од додипломски студии;

3) Докази за добиени награди или признанија (доколку постојат).

Директор

Проф.Д-р Игор Ѓорѓиев